У-5.бр.1643/2018

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Дитурије Елези Незири - претседател на совет, Ана Герасимовска и Даниела Антовска - членови на советот, со записничар Ана Ѓорѓиевски – судски соработник, решавајќи по тужбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги СТЕРНА ДОО увоз-извоз Скопје, изјавена против решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-531/10 од 12.09.2018 година, за јавна набавка, на седницата одржана на 06.12.2019 година донесе:

# П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги СТЕРНА ДОО увоз-извоз Скопје, изјавена против оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-531/10 од 12.09.2018 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

## О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение бр.08-531/10 од 12.09.2018 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја одбила како неоснована жалбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги СТЕРНА ДОО увоз-извоз Скопје, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда од 08.08.2018 година за дел 1, донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.3/2018 за набавка на стоки – набавка на периферна компјутерска опрема за потребите на Централниот регистар на Република Македонија на договорниот орган Централен регистар на РМ.

Незадоволен од оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки, тужителот поведе управен спор со предлог оспореното решение да биде поништено, поради повреда на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата и дополнувањето на тужбата наведе дека во постапката за јавна набавка биле сторени битни пропусти кои се однесуваат на евалуацијата на понудите и извршен бил избор на неприфатлива понуда, на начин што при евалуацијата на понудите договорниот орган направил пропуст во однос на на понудата на тужителот. Имено, тужителот смета дека ги исполнил барањата од тендерската документација, а за погрешни ги смета тврдењата на договорниот орган дека дел од понудата на тужителот не ги исполнува бараните технички спецификации. Наведува и дека договорниот орган при евалуација на понудите направил пропуст на начин што избрал понуда која е неприфатлива, односно тужителот смета дека избраниот економски оператор како најповолен понудувач не ги задоволува во целост бараните минимални технички карактеристики зададени во тендерската документација ,односно технички спецификации што значи дека неговата понуда е исто така неприфатлива. Имено, економскиот оператор избран за најповолен понудувач во својата понуда за Дел 1 навел модели на апарати кои всушност не ги исполнуваат во целост техничките барања од техничките спецификации и ниту на еден начин економскиот оператор не докажал дека истите го исполнуваат бараниот минимум, односно економскиот оператор избран како најповолен понудувач понудил модели кои не го исполнуваат бараниот услов: Интерфејси: Мин. Ix USB 2.0/3.0, 1 x USB 2.0/3.0 односно Интерфејси за конекција: USB 2.0/3.0. однсоно немат USB 3.0 со што нивната понуда ја прави да

биде неприфатлива. Понатаму, наведува и дека во својата техничка понуда тужителот јасно навел што нуди и колкав капацитет на тонери и драмови понудил за бараната опрема која го исполнува бараниот минимум за потрошни материјали-тонери и драмови. Во техничката спецификација било јасно видливо дека договорниот орган бара: „Потрошни материјали: вклучен комплет на потрошни материјали - тонери и драмови за мин. 50.000 страни согласно ISO/IEC 19752 - 5% покриеност на А4 страна или еквивалентно," и никаде не било наведено „во боја" со што договорниот орган ги довел во заблуда економските оператори при изготвувањето на понудите, но во секој случај тужителот го исполнувал бараниот минимум за потрошни материјали од 50.000 страни. Исто така, тужителот смета дека договорниот орган сторил суштествени повреди на одредбите од Законот за јавни набавки, бидејќи тендерската докуменатација односно техничките спецификации се однесуваат за неколку различни постапки за кој е креирана една постапка за јавна набавка, па доколку договорниот орган имал реална потреба од периферна комјутерска опрема и софтверско решение за централизирано управување требал да спроведе посебни постапки или пак во една набавка да ги наведе во посебни делови секоја позиција засебно со што набавката би била делива и не би ја ограничила конкуренцијата.

Судот постапи согласно членот 13 од Законот за јавните набавки и со Известување У-5.бр.1643/2018 од 07.12.2018 година, го повика избраниот понудувач за дел 1 од јавната набавка, Друштво за промет на стока и услуги САГА МК ДООЕЛ Скопје, како заинтересирано лице да достави свој одговор на поднесената тужба, кое уредно го примил на ден 10.01.2019 година, меѓутоа до денот на одржаната седница на судот не достави свој одговор на тужба.

Во одговор на тужбата тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се неосновани и остана при наводите од оспореното решение, од причина што не нашол пропусти во спроведувањето на конкретната постапка.

Одговорот на тужба од тужениот орган, Судот го достави до тужителот како би се запознал со содржината на истиот, кој уредно го примил, меѓутоа не достави произнесување по одговорот на тужба.

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган - Централен регистар на Република Македонија објавил Оглас за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.3/2018 за набавка на стоки – набавка на периферна компјутерска опрема за потребите на Централниот регистар на Република Македонија, за што претходно донел Одлука за јавна набавка од 30.03.2018 година. Постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки, набавката била делива на четири дела, а договорниот орган во тендерската документација предвидел дека како критериум за избор ќе се користи најниска цена, постапката ќе се спроведе во електронска форма и ќе заврши со спроведување на електронска аукција. Од понудувачите било побарано да достават Изјава за сериозност и Изјава за независна понуда.

До крајниот рок за поднесување на понудите 07.05.2018 година до 14:00 часот пристигнале вкупно 10 (десет) понуди, за што бил составен Записник од отворањето на понудите од 07.05.2018 година. Комисијата за јавни набавки извршила проверка на комплетноста и валидноста на пристигнатите понуди по што понудувачите кои поднеле прифатливи понуди ги поканила на е-аукција. Врз основа на електронски генерираниот извештај за текот на е-аукцијата, комисијата за јавни набавки изготвила Извештај од спроведена постапка со кој дала предлог како најповолна за Дел 1 да се

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ 11 GJYKATA ADMINISTRATIVE SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

избере понудата на „САГА МК“ ДООЕЛ Скопје, за Дел 2 понудата на „ЛИРЕКС“ ДООЕЛ Скопје и „МАКЕДОСКИ ТЕЛЕКОМ“ АД Скопје за Дел 3 и донесена е сега оспорената Одлуката за избор на најповолна понуда од 08.08.2018 година.

Незадоволен од Одлуката за избор на најповолна понуда од 08.08.2018 година за Дел 1, тужителот поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Дополнително поднел и дополнување на жалба.

Договорниот орган Централен регистар на РМ доставил одговор на жалбата и дополнувањето на истата, со предлог жалбата на тужителот да биде одбиена како неоснована.

Постапувајќи по жалбата и жалбените наводи, како и по службена должност согласно член 211 од Законот за јавните набавки, а врз основа на доказите приложени во предметот од спроведената постапка за доделување договор за јавна набавка, Државната Комисија го донела сега оспореното решение со кое жалбата на тужителот изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда од 08.08.2018 година за дел 1, донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.3/2018 за набавка на стоки – набавка на периферна компјутерска опрема на договорниот орган Централен регистар на РМ, се одбива како неоснована.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 2 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/2007...бр.83/2018), со овој закон особено се обезбедува: конкуренција меѓу економските оператори; еднаков третман и недискриминација на економските оператори; транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

Согласно членот 3 став 1 точка 11 од овој закон, тендерска документација е збир на документи, информации и услови кои претставуваат основа за изготвување, доставување и оценување на пријавата за учество, односно понудата. Согласно точките 18 и 24 од истиот член, понуда е предлог од понудувачот изготвен врз основа на тендерската документација и претставува основа за доделување на договорот за јавна набавка, додека прифатлива понуда е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од тендерската документација и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите.

Согласно член 32 став 1 од Законот за јавните набавки, Договорниот орган е должен во тендерската документација да ги наведе барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Согласно член 140 став 7 и 8 од Законот за јавните набавки:„ (7) Неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира. (8) Евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација и објавени во огласот за доделување на договорот за јавна набавка.“.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога врз основа на истите ја одбил како неоснована жалбата на тужителот, со образложение дека договорниот орган правилно постапил кога ја отфрлил понудата на тужителот за дел 1 од јавната набавка на стоки – набавка на периферна компјутерска опрема на договорниот орган како неприфатлива согласно член 140 став 7 од Законот за јавни набавки.

Имено, Државната комисија за жалби по јавни набавки правилно констатирала дека договорниот орган правилно постапил кога ја отфрлил како неприфатлива понудата на тужителот и истата не била предмет на евалуација од причини што техничката понуда не била усогласена со барањата од техничката спецификација на тендерската документација на договорниот орган, бидејќи количината на потрошните материјали за опремата од точка 2 и опремата од точка 4 од техничките спецификации кои биле понудени од тужителот не ги задоволувале во целост бараните минимални технички карактеристики наведени во тендерската документација - техничките спецификации за Дел 1 - Мултифункциски уреди и печатачи. Имено, согласно тендерската документација, односно барањата во техничките спецификации, кај Дел 1- Мултифункциски уреди и печатачи, точка 2: Мултифункциски уред А3 во боја, во ставката Потрошни материјали биле побарани следните минимални технички карактеристики: Потрошни материјали: 2. Мултифункциски уред А3 во боја вклучен комплет на потрошни материјали - тонери и драмови за мин. 50.000 страни согласно ISO/IEC 19752 - 5% покриеност на А4 страна или еквивалентно каде било јасно наведено дека бараните минимални технички карактеристики во табелата под ваквиот назив се однесуваат на уред кој треба да печати во боја.

Согласно горенаведеното, за ставката потрошни материјали било јасно дека мора да се понудат потрошни материјали кои ќе обезбедат печатење на најмалку 50.000 страни во боја, согласно типот на уредот за кој се однесува табелата со бараните минимални технички карактеристики, додека техничките карактеристики на понудената опрема во техничката понуда од страна на тужителот, согласно доставените технички каталози и информациите од официјалната веб страница на производителот не ги задоволувале во целост минималните задолжителни технички карактеристики (барањата од техничките спецификации), и тоа најмалку во следните елементи: 1. Мултифункциски уред А3 во боја (ред. Бр. 2 во тендерската документација) а) Потрошни материјали: вклучен комплет на потрошни материјали - тонери и драмови за мин. 50.000 страни (во боја) согласно ISO/IEC 19752 - 5% покриеност на А4 страна или еквивалентно, односно тужителот понудил по два тонери од секоја основна боја (цијан, магента, жолта), а еден сет на колор тонери имал капацитет за 18.000 страници како и под редниот број 4 во тендерската документација, Мултифункциски уред А4 - тип 2 а) Факс, резолуција на скенирање: Мин. 400 x 400 dpi. Резолуцијата на скенирање на факсот на понудениот модел од тужителот била двојно помала од бараната.

Судот ги ценеше тужбените наводите на тужителот, дека во постапката за јавна набавка биле сторени битни пропусти кои се однесуваат на евалуацијата на понудите и извршен бил избор на неприфатлива понуда, меѓутоа ги оцени како неосновани и без влијание за поинакво одлучување во конкретниот управен спор, од причини што тужениот орган правилно оценил дека договорниот орган донел правилна и законита одлука за избор за дел 1 од јавната набавка, бидејќи видно од техничката понуда и каталозите на производителите избрани за дел 1, судот цени дека истите во целост ги исполнуваат бараните минимални технички карактеристики за секоја позиција посебно, вклучително и минимумот за 1X USB 2.0/3.0 односно или 1 X2.0 или 1X USB 3.0.

Судот ги оцени како неосновани и тужбените наводи на тужителот според кои смета дека договорниот орган сторил суштествени повреди на одредбите од Законот за јавни набавки, бидејќи тендерската документатација односно техничките спецификации се однесуваат за неколку различни постапки за кој е креирана една постапка за јавна набавка, па доколку договорниот орган имал реална потреба од периферна комјутерска опрема и софтверско решение за централизирано управување требал да спроведе посебни постапки или пак во една набавка да ги наведе во посебни делови секоја позиција засебно со што набавката би била делива и не би ја ограничила конкуренцијата. Ова од причина што Судот цени дека во конкретниот случај, дефинираниот предмет на јавната набавка не довел до ограничување на конкуренцијата на економските оператори, дотолку повеќе што овој тужбен навод на тужителот бил задоцнет затоа што се однесувал на податоците од огласот за содржината на тендерската документација за која тужителот имал право на жалба во законски определениот рок од објавувањето на огласот или од отварањето на понудите а согласно член 216 став 2 алинеја 2 и 3 од Законот за јавните набавки.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот имајќи ги предвид горе цитираните законски одредби, констатира дека оспореното решение е законито.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 39-а став 1 од Законот за управни спорови.

Пресудено во Управен суд на ден «06.12.2019» година под У-5.бр.«1643»/«2018».

Записничар – судски соработник
Ана Ѓорѓиевски

Претседател на совет - Судија
Diturie Elezi Neziri

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2 .

Пресудата да се достави на:
- тужител
- заинтерсирано лице
САГА МК ДООЕЛ Скопје
- тужен орган

Претседател на совет - Судија
Diturije Elezi Neziri